*ЕКОЛОШКА КРИЗА, д-р Крсте Ристески*
*Издавач НИП "Студентски збор", Скопје, 1996*

Цивилизацијата може накусо да се дефинира како јасна динстинкција помеѓу човековиот род и останатиот животински свет. Нејзините почетоци се совпаѓаат со процесот на зреењето на социјабилитетот како една од основните карактеристики на хуманиот карактер на човековото суштество. Цивилизацијата го постави на поинаков начин односот помеѓу општеството и природата - човекот дефинитивно почна да израснува во господар на светот и него да го крои според својата визија и потреби. Меѓутоа, овој процес добиваше своја специфична контрадикторност која особено силно се манифестира во современите општества. Искористувањето на природата заради задоволување на човековите егзистенцијални потреби неа битно ја видоизмени. Насекаде низ неа се чувствува печатот на човековата активност. Меѓутоа, човековата активност и несопирливиот развој на човековата креација се заканува да се претвори во човекова трагедија. Преголемото и непланско искористување на природните ресурси особено изразено, пред сè, низ силниот процес на урбанизација на просторот и силната индустријализација го отворија и актуелизираа прашањето на човековиот однос кон животната средина и нејзината заштита од прекумерната загаденост. Тоа денес се поставува како conditio sine qua non на натамошното опстојување на човековиот род и свет.

Загаденоста на животната средина веќе добива загрижувачки димензии. Специфичната тежина што овој проблем го има во современиот свет нужно го привлече вниманието на науката. Во оваа насока екологијата веќе стана неразделен дел на светот на науките и на практичната општествена активност.

Во Република Македонија се уште не е изграден соодветен приод кон состојбите и заштитата на животната средина. Високиот степен на загаденост на животната средина и недоволното научно следење на оваа состојба негативно се одразуваат врз ангажманот на општествените сили кои посебно

се занимаваат со еколошките проблеми. Токму од овој аспект најновата книга на д-р Крсте Ристески под наслов "*Еколошка криза*" која неодамна излезе од печат во издание на НИП "Студентски збор" од Скопје заслужува особено внимание. Со оглед на квалитетот на овој текст и на фактот дека се работи за еден од пионерските трудови во оваа област на научното истражување, уверени сме дека книгата ќе предизвика соодветно љубопитство и внимание на научната, стручната и пошироката јавност. Таа особено претставува своевидна насока за оние кои ја сфаќаат тежината на еколошката проблематика во денешните индустриски општества, а во тој склоп и во Република Македонија.

Според д-р Ристески еколошката проблематика е актуелна уште одамна во човековата духовна и практична историја. "Иако се мисли дека науката која ги изучува односите на живите суштества со неживата и живата природа - екологијата, е релативно млада наука, сепак ако се навратиме назад ќе видиме дека човекот уште од најстари времиња пројавувал интерес за откривање на поврзаноста на природата со неговата гола егзистенција". (стр. 11) Впрочем и самиот термин *екологија*, според авторот е со исконско потекло. Тој произлегува од грчкиот збор "ојкос", што значи "живеалиште" и од зборот "логос", што значи "наука", па би можело да се рече дека екологијата е наука за домаќинството ("економијата") на живите суштества и нивните заедници.

Да се зборува за екологијата, за состојбите на овој план во современиот свет и нејзината суштина претпоставува дефинирање на основните компоненти кои неа ја сочинуваат. Оттука, авторот во проблематиката не воведува преку дефинирањето на поимите *екосистем* и животна средина, како централни категории на оваа проблематика. Според него "еколошката целина што ја содржи животната заедница и просторот во која таа се наоѓа, просторот со сите надворешни услови (светлост, температура, влажност) претставува екосистем. Тоа е временски и просторно точно определена целина која ги вклучува сите организми што постојат во него и физичките услови на климата и почвата, како и сите интеракции меѓу организмите и меѓу нив и физичките услови. Односно тоа

е еколошка целина што ја опфаќа и соединува животната заедница и просторот. Терминот потекнува од зборовите "еко" (стан, станиште) и "систем" (состав, соодветен поредок)" (стр. 18), додека пак "воздухот, почвата, водите, вегетацијата и живиот свет и нивната меѓусебна поврзаност во динамична рамнотежа претставуваат животна средина" (стр. 24).

Меѓутоа, во секојдневната комуникација се случува поимите од сферата на екологијата (како што е впрочем случајот со бројни категории во општествените науки) да звучат амбивалентно. Заради тоа, како што наведува авторот, потребно е да се прави разлика, пред сé, меѓу поимите *живошна средина* и *природна средина*. Животната средина, според него, е поширок поим, во него се присутни нé само природната средина туку и средината што со своето влијание и активност човекот ја изменил, што не е случај со недопирнатата природна средина. Во животната средина се присутни различни еколошки фактори од физичка, хемиска или биолошка природа, кадешто составни делови се водата, почвата и воздухот. Притоа некои елементи се од примарно значење, а некои од секундарно значење за еден организам (пример: кај речната пастрмка за одржување на голата егзистенција се неопходни водата и нејзината температура, кислородот и храната, додека другите фактори од животната средина за неа се од второстепено значење).

Бидејќи животната средина е комплекс на односи што постојат меѓу човекот и средината во која тој живее и работи, а токму тој, човекот, со технолошките, општествените, социјалните и други зафати во природата е најголемиот предизвикувач на стеснувањето на животниот простор, на неговото загадување и загрозување, со што ги губи основните карактеристики на квалитетен простор, феноменот на загадувањето на животната средина треба да добие соодветен научен и практичен третман на основен предизвик за современата цивилизација. Ова и заради тоа што песимистичката визија на светот, за жал, стана составен дел на речиси сите футуристички проекции во кои се присутни хипотези, предвидувања и апокалиптични претстави базирани на втемелени аргументи и на јасно потврдени тенденции. "Речиси милион видови растенија и животни за неколку години,

има изгледи да исчезнат, зашто луѓето ги уништуваат нивните природни животни простори". (Програма на ОН за заштита на човековата средина - ОНЕП).

Развојот на цивилизацијата во современото општество го наметна проблемот на поинаков квалитет на општествениот приод и кон општествениот живот и кон самата животна средина. Д-р Ристески со право констатира дека индустриската револуција во своето настојување да совладува нови видици истовремено му овозможи на човекот подинамичен општествено-економски развој. Меѓутоа, процесот на индустријализацијата и урбанизацијата предизвикува неповолни трансформации во животната средина. Имено, она што во природата се создавало за време на долгогодишната еволуција - шумите, чистата вода и чистиот воздух - сé повеќе се деградира. Досегашниот развој на современата цивилизација доведе до загрозување на природните подрачја, особено до влошување на квалитетот на живеењето, губење на некои видови растенија, животни и микроорганизми. Континуираното намалување на определени видови на дива флора и фауна, доведе до губење на првата линија на природниот отпор против разни заболувања.

Современото општество, кога е во прашање состојбата со животната средина, се соочува со бројни проблеми кои веќе стануваат опасност за опстојувањето на цивилизацијата и на самиот човеков род. "Секое пореметување на состојбата на животната средина е проследено со пореметување на социјалните, урбанистичките и популациони односи" (стр. 35). Тоа, како што истакнува авторот е сублимирано во синтагмата "загадување на животната средина" под што се подразбира "квалитативна измена на физичките, хемиските и биолошките карактеристики на воздухот, водите, земјиштето, храната и вегетацијата. Сето тоа обусловува нарушување на законитостите на екосистемот, базирани на познатите механизми на саморегулирање. Ваквите измени на природата влијаат врз влошувањето на здравствените, економско-производните и други неповолности за условите на животот. Загадувањето на животната средина постепено, би рекле незабележително,стана светски проблем. Нагласениот

офанзивен развој на современата цивилизација со силна експанзија на нови технологии, автоматизацијата, деструктивното делување на човекот во сите домени на стопанскиот живот со енормното експлоатирање на природните ресурси, редуцирањето или елиминирањето на влијанието на штетните агенси од какво и да е потекло, што би се рекло од организацијата и стилот на живеење во урбаните средини, технолошките катастрофи, применувањето на сила во разрешувањето на противречностите во современата меѓународна заедница и со упорното опстојување на кризните жаришта, демографската експанзија и другите придонеси во постиндустрискиот период, бидејќи имаат есенцијално значење за зачувување на здрава животна средина, во вистинска смисла на зборот претставуваат хазард со потенцијални опасности и со брзи и длабоки промени во екосистемите преку узурпациите и нарушувањата на еколошките норми". (стр. 54) Податоците зборуваат дека за последните четири века изумреле 654 видови растенија и околу 100 животински видови. Ако ваквата практика продолжи и натаму на човекот му се заканува да остане единствено живо суштество на Земјината топка, а тоа би бил крајот на неговата историја. Ваквата опасност претставува еден од најголемите предизвици за човештвото. Тоа мора да се ангажира да изгради нов однос кон искористувањето на природните ресурси, водејќи притоа сметка да не се наруши неопходната биолошка рамнотежа, односно да се изгради соодветен пристап во експлоатирањето на расположивите извори, суровините, енергијата, атмосферата, водите, шумите и почвата со формулата: да се користи она што може да се обнови и повторно да се создава. Во тој контекст одат и залагањата за исполнување на дел од одговорноста спрема просторот во кого живееме, како услов за нашиот опстанок. Во оваа насока е битно во општеството да се преземаат низа активности со цел да се стопира процесот на натамошно загадување на животната средина и да се изгради еколошка свест за потребата сите да ја заштитуваат, чуваат, негуваат и да ја унапредуваат животната средина.

Вториот дел од студијата на д-р Ристески се однесува на анализата на состојбата со животната средина во Република

Македонија. При тоа тој успешно ги лоцира актуелните црни еколошки точки во земјата и конкретно го анализира квалитетот на природните ресурси во македонскиот простор (воздухот, водата и почвата). Констатирајќи дека во настојувањето за побрз економски развој во Република Македонија се занемаруваат основните еколошки норми за заштита на животната средина и поткрепувајќи го тоа со конкретни и соодветни факти, д-р Ристески нуди и конкретни мерки за заштита на животната средина од загадување. Тие мерки подеднакво се однесуваат на воздухот, водите и почвата.

На крајот од својот труд "Еколошка криза" д-р Крсте Ристески се осврнува на меѓународната и македонската легислатива со која се уредува заштитата на животната средина како едно од централните прашања на натамошното опстојување на човековата современа цивилизација.

**Д-р Ѓорѓи Тоновски**